„Ниедна жена не треба да тагува поради смрт на некого повеќе од три дена, освен за својот сопруг – тогаш тагува четири месеци и десет дена

Уму Атије, Аллах нека е задоволен со неа, пренесува дека Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Ниедна жена не треба да тагува поради смрт на некого повеќе од три дена, освен за својот сопруг – тогаш тагува четири месеци и десет дена. Во тој период не смее да носи облека во боја, освен непривлечна јеменска ткаенина (асб), не смее да користи сурма, ниту да се мачка со мирис, освен кога ќе се очисти (по завршување на месечниот циклус) – тогаш ѝ е дозволено да стави само малку од куст или азфар (ароматични растителни состојки).“

[صحيح] [متفق عليه]

Веровесникот, салаллаху алејхи ве селем, им забранил на жените да тагуваат поради нечија смрт — било на татко, брат, син или друг – со напуштање на украсувањето преку мириси, сурма, накит или убава облека – повеќе од три дена. Исклучок е жалоста по сопругот – таа трае четири месеци и десет дена. За време на овој период, жената не смее да носи облека обоена заради украс, освен ткаенина од асб – јеменски материјал што се бои пред ткаење. Не ѝ е дозволено да става сурма во очите, ниту да користи парфеми или други мирисливи средства – освен поради чистење по менструација, и тоа само во мала количина од куст или азфар – два познати видови природни миризливи материи кои се употребуваат како благ тамјан, но не се наменети за мирисање. Овој исклучок е дозволен единствено за отстранување на непријатниот мирис по менструацијата, при ритуалното миење, и се нанесува само во пределот каде што истекувала крвта – не со намера за разубавување, туку за хигиена.

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/6086